**20150120216**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 206 став 1 алинеја 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14 и 116/14), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И ИЗГЛЕДОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО СТАТУС НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ И РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО СТАТУС НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и изгледот на службената легитимација и значка и начинот на издавање на службената легитимација и значка на работник во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи и на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи.

Член 2

Службената легитимација на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи е со димензии 5 х 8,5 см. и е сместена во троделна кожна обвивка со црна боја, со димензии 6 х 30 см.

Службената легитимација од став 1 на овој член е сместена во внатрешната горна страна од кожната обвивка, под проѕирна пластична фолија.

На предната страна на службената легитимација од став 1 на овој член содржи: натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ” и „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА”. На истата страна, во средината, има место за фотографија со димензии 2,5 х 3 см., а под неа се впишува името и презимето на работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи и има место за потпис на службеното лице овластено за издавање на службената легитимација. Во долниот дел на златножолта подлога со црвена боја е отпечатен серискиот број на службената легитимација.

На задната страна на службената легитимација од став 1 на овој член е отпечатен грбот на Република Македонија под кој се впишува датумот и местото на раѓање, живеалиштето, датумот на издавање на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи.

На внатрешната долна страна од кожната обвивка се наоѓа метална значка со тркалезна форма, која во горниот дел содржи сериски број, истоветен со серискиот број на службената легитимација. На средишниот дел на металната значка се наоѓа грбот на

Република Македонија од кој излегуваат зраците на сонцето до рабовите на металната значка. Во долниот дел на металната значка стои натпис „Република Македонија" и „МВР".

Образецот на службената легитимација на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација на работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање во Управата за безбедност и контраразузнавање е со димензии 6 x 9,5 см. и е сместена во дводелна кожна обвивка со темно-црвена боја со димензии 8 x 23 см.

Службената легитимација од став 1 на овој член е сместена во внатрешната горна страна од кожната обвивка.

На предната страна во горниот дел на службената легитимација од став 1 на овој член стои натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ", „УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ".

Во средината на службената легитимација има место за фотографија со димензии 2,5 x 3 см., под која стои натпис „СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА", а под него се впишува името и презимето на работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање и потпис на лицето овластено за издавање на службената легитимација. Во долниот дел на црвена подлога со црна боја е отпечатен серискиот број на службената легитимација.

На задната страна на службената легитимација од став 1 на овој член е отпечатен симболот на Управата за безбедност и контраразузнавање под кој се впишува датумот и местото на раѓање, живеалиштето, датумот на издавање на службената легитимација, регистарскиот број и крвната група на работникот во Министерството со статус на овластеното службено лице за безбедност и контраразузнавање.

На внатрешната долна страна на кожната обвивка се наоѓа метална значка со тркалезна форма, со дијаметар 6 см., која во горниот дел содржи сериски број истоветен со серискиот број на службената легитимација. Во средишниот дел на металната значка се наоѓа симболот на Управата за безбедност и контраразузнавање околу кој има натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ", „УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ".

Образецот на службената легитимација на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Службените легитимации од членовите 2 и 3 од овој правилник се издаваат за време додека работникот има статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, односно статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање согласно Законот за внатрешни работи.

Работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, односно работник во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање на кој ќе му престане работниот однос во Министерството или ќе биде распределен на работно место кое не е утврдено со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, односно овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање, ја враќа службената легитимација на Министерството.

Член 5

Работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, односно работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање кој ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа веднаш ја известува соодветната организациска единица на Министерството.

Член 6

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе го промени личното име.

Член 7

Службените легитимации што се враќаат или заменуваат се поништуваат.

Член 8

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и изгледот на службена легитимација и значка и за начинот на издавање на службена легитимација и значка на овластено службено лице за вршење на стручни и граѓански работи и овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 119/09 и 78/10).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примената на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14 и 116/14).

| | |
|---|---|
| Бр.13.1-3511/1 | Министер |
| 21 јануари 2015 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р. |

Прилог бр.1

Предна страна




Задна страна






Прилог бр. 2

Предна страна




Задна страна




